Transport Roads & Maritime Services

# Mobility Parking Scheme (MPS)

Individual and Temporary Permits - Conditions of use and Parking concessions

## Изложување на дозвола

Од септември 2010 г., дозволите за паркирање за инвалиди кои ги издава RTA се состојат од два дела: Австралиска дозвола за паркирање за инвалиди (Australian Disability Parking permit) и Дозвола за паркирање според програмата за лица со ограничена подвижност (Mobility Parking Scheme permit). За Австралиската дозвола за паркирање за инвалиди да биде полноважна, Дозволата за паркирање според програмата за лица со ограничена подвижност мора да се стави во пластичната футрола.

Како знак на внимание, RTA може да ви даде вакуумска закачалка за да ја закачите дозволата на прозорецот на возилото. Не сте обврзани да ја користите оваа направа, можете да користите други начини или направи со кои нема да се прикриваат податоците на дозволата или да се попречува видливоста на возачот.

Ако изберете да ја користите вакуумската закачалка, производителот советува дека нејзината ефикасност е подобра кога таа се користи на чиста шофершајбна. Се препорачува да користите марамче навлажнето со алкохол бидејќи некои средства за чистење на стакло може да оставаат траги.

## Услови на користење

MPS-дозволата се издава според следните услови – ако овие услови не се почитуваат, може да се применуваат големи парични казни:

a) Дозволата мора да биде изложена само кога возилото се користи за превоз на лицето на кое таа му е издадена. Таа не може да се користи при вршење на работи за носителот на дозволата или при посетување на истиот ако тој не патува во возилото.

b) Дозволата треба да биде изложена и јасно да се гледа на левата (сопатничката) страна на возилото, на шофершајбната или на било кој прозорец. Ако ова не практички изводливо, таа треба да се стави на место на кое може целосно да се гледа надвор од возилото. Страниците означени со зборовите ‘THIS SIDE UP’ или ‘Display this side’ мора да се свртени нанадвор. Дозволата може да биде закачена на возилото на било каков начин така да не се прикриени било кои податоци на дозволата и да не се попречува видливоста на возачот додека возилото се движи.

c) Ако ви побараат, дозволата мора да му ја дадете на полицаец или друг овластен службеник.

d) Дозволата е полноважна до датумот на истекување на рокот на важење, освен ако таа е одземена.

e) Откако ќе истече рокот на важење, дозволата не може повеќе да се користи. Таа мора да се обнови и важечката дозвола мора да се изложи за да се користат паркинзите за инвалиди.

f) Дозволата мора да се врати во управата за моторни возила по истекувањето на рокот на важење, ако таа е одземена од страна на RTA илиако носителот на дозволата нема право да ја користи (на пример, носителот повеќе не страда од инвалидитетот заради кој имал право да ја добие дозволата).

g) Дозволата не смее да се репродуцира, копира, чкрта, менува или уништува.

h) Дозволата не е важечка ако таа се репродуцира, копира, чкрта или менува на некој друг начин или кога еден или повеќе податоци на дозволата (на пример, бројот на дозволата или датумот на истекување на рокот на важност) не се читливи.

i) Ако дозволата се користи во друга држава или територија, таа може да се користи според тамошните олеснувања за паркирање.

j) Дозволата може да ја конфискува овластен службеник и/или да ја одземе RTA заради злоупотреба или прекршување на било кој од овие Услови за употреба.

k) Дозволата подлежи на било какви услови кои може да ги воведе RTA.

## Олеснувања при паркирање

MPS-дозволата ви дава право да се паркирате на места кои се означени со знак за паркирање за инвалиди. Со дозволата исто така имате и други олеснувања при паркирање на други места:

- Кога паркирате на места каде што паркирањето се наплаќа преку паркинг-метар, со купон или картичка, паркирањето е бесплатно за вас.
- Кога паркирањето е временски ограничено со знак за временски период поголем од 30 минути, возилото може да се паркира за неограничено време.
- Кога паркирањето е временски ограничено со знак до 30 минути, возилото може да се паркира за 2 часа.
- Кога паркирањето е временски ограничено со знак за **помалку** од 30 минути, возилото може да се паркира најмногу 30 минути.
- Таму каде што има знак ‘No Parking’, можете да се паркирате најмногу 5 минути, возачот мора да остане во возилото или на растојание до 3 метра од возилото за да остави или земе патници или предмети.
- Важат сите други правила за паркирање.

**Забелешка:** Приватните паркиралишта ги утврдуваат цените според кои наплаќаат.

## Кога важат олеснувањата за паркирање?

Олеснувањата при паркирањето важат кога MPS-дозволата е истакната на возилото кога тоа се користи за превоз на лице на кого таа му е издадена.

## Неважечки MPS-дозволи

MPS-дозволата станува неважечка ако и истече рокот на важење, ако ја одземе RTA или ако носителот на дозволата почине. Изложувањето на неважечка MPS-дозвола може да доведе до издавање на висока парична казна.

## Промени на вашата здравствена состојба

Ако вашата здравствена состојба се подобри и повеќе не е потребно да ја користите вашата MPS-дозвола, обврзани сте да ја вратите вашата MPS-дозвола во најблиската управа за моторни возила.

## Информативна линија

Можете да пријавите злоупотребување на MPS-дозвола ако телефонирате на 1300 884 899 или ако испратите порака на emailingCustomer_Service_Centre@rta.nsw.gov.au

**Translation Warning:**

The English language version of these conditions is the sole authoritative version. The translation has been prepared as a courtesy and only the English language version should be relied upon. The English version can be found on the RMS Website.

**Предупредување во врска со преводот:**

Верзијата на овие услови на англиски јазик е единствената авторитетна верзија. Преводот е подготвен како знак на внимание кон вас и вие треба да се потпирате само на верзијата на англиски јазик. Англиската верзија можете да ја најдете на Интернет страниците на RTA:

http://www.rms.nsw.gov.au/roads/using-roads/mobility-parking/documents-forms.html

**Roads and Maritime Services**
**www.rta.nsw.gov.au | 13 22 13**